Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција на познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 49-та седница, продолжение одржано на ден 08.06..2021 година донесе

**Одлука**

Пријавата со бр. 12 - 5511/1 од 04.12.2019 година доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од подносителот -------- -------------- од ---------, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност за постапување во предметот со број 12 - 5511 од 2019 година, оформен по пријавата со бр. 12 - 5511/1 од 04.12.2019 година.

Предметот со број 12- 5511 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на Државната комисија, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12 - 5511 од 2019 година е оформен по пријава со бр. 12 - 5511/1 од 04.12.2019 година доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на подносителот -------- ---- ---------- од ---------.

Во доставената пријава изнесени се наводи против Меѓуопштински центар за социјални работи при Министерството за труд и социјална политика за основано сомнение за сторено кривично дело/криминал, корупција/ по основ на: Законот за социјална заштита, член 181, став 1 Законот за семејство, Законот за облигациони односи, Законот за општа управна постапка, Законот за оставинска постапка и Кривичниот законик, при постапување и донесување на решение за признавање на правото на паричен надоместок за помош и нега на друго лице и решение за остварување на правото на социјална парична помош кои биле донесени по барање за институционална помош поднесено од страна на подносителот на пријавата.

При разгледувањето на предметниот случај, Државната комисија ги зема во предвид наводите на подносителот и го констатира следното:

- Во конкретниот случај се работи за барање за институционална помош поднесено од страна на подносителот до Министерството за труд и социјална политика - ЈУМЦРС Скопје - ----- --------, со кое била побарана паричен надоместок за помош и нега на друго лице т.е. за добивање на адекватна парична помош за социјално загрозени лица и за третирање на заболено лице.

-Подносителот на пријавата ја поднесува пријавата до ДКСК во својство на законски овластен застапник, односно на официјален/старател согласно Законот за семејство на сега починатото лице --------- --- -------------- со статус/родител, мајка/со исто место на живеење во заеднички семеен дом, а наведено

барање за институционална помош го поднел поради настанатиот домашен проблем - тешката болест на сега веќе починатата мајка, потребата од покривањето на огромните наметнати трошоци, поради природата на болеста, таблети, препарати, докторски третмани, ортопедски помагала, дополнителната потреба од посебен режим на исхрана, голема количина на дрва за огрев особено во текот на зимскиот период, 24 часовно обезбедување на адекватни топлотни услови, дополнителна облека, организирање на превоз до здравствените установи и назад до домот и огромен број дополнителни трошоци кои изискувале дополнителни парични средства за сето претходно наведено, а единствен приход од кој во тие моменти егзистирале биле нејзините месечни примања од наследената пензија од неговиот претходно починат татко во износ од околу 12000,00 денари што секако не биле доволни за покривање на сите неопходни огромни трошоци. Кон барањето било приложено и Конзилијарно стручно мислење за оправданоста од одобрување на предвидената социјална парична помош со официјално Решение - Мислење издадено на ден 13.11.2017 година.

- По однос на поднесеното барање, од наведената институција било донесено Решение со датум од 12.06.2018 година а со дата на примена од 28.12.2017 година, со кое бил одобрен износ на бараната парична помош, која сума се исплатувала месечно до 10.10.2019 година, кога според подносителот незаконски и неаргументирано била прекината исплатата на месечната сума, а за што од ЈУМЦРС Скопје - ------ ------ било донесено Решение за престанок на правото за гарантирана минимална помош на ден 19.09.2019 година.

- Во врска со предметниот случај, од страна на подносителот биле преземени неколку активности и тоа:

*на 30.10.2018 година, до МТСП била поднесена жалба на Решение донесено од ЈУМЦРС Скопје - ------- ---------, со кое му престанало правото со образложение дека именуваното лице на кое гласело решението за користење на парична помош било починато на ден 29.08.2018 година. По оваа жалба на ден 23.11.2018 година било донесено Решение со кое жалбата била одбиена како неоснована, а решението од 01.10.2018 година било потврдено;

*на 15.02.2019 година од страна на подносителот била поднесена претставка со приговор, реакција и протесна жалба до МТСП, а на кое му било одговорено на ден 20.02.2019 година и со кое тој бил известен дека по основ на донесено решение на МТСП не е дозволена жалба и дека по истото можело да се заведе управен спор со поднесување на тужба до Управниот суд на РСМ во рок од 30 дена од приемот на решението;

*на ден 22.10.2019 година, по однос на Решението за престанок на правото за гарантирана минимална помош, подносителот се обратил со жалба до Второстепената комисија во рамките на општинската единица на МТСП, во која дал укажување за неправилно и незаконско донесена одлука – решение за остварување на право на социјална парична помош, а кое решение било донесено од страна на ЈУМЦРС Скопје - ----- ------- на ден 30.07.2018 година. По оваа жалба, според подносителот, Второстепената комисија постапила по долгомесечно развлекување на постапката и донела конечно законско Решение за остварување на наведеното законско право, со кое било отфрлено неговото барање, тој се сомнева во постапувањето на оваа комисија и смета дека ова решение било донесено со непочитување и неприменување на законските одредби како и со разно разни бесмислени изговори и образложенија.

Подносителот на пријавата се обраќа до ДКСК, поради тоа што смета дека во предметниот случај му била нанесена огромна неправда, која се уште му се нанесувала односно, се уште била во тек и последиците и штетите кои тој ги трпел од страна на споменатото министерство биле огромни, бесконечни и со крајно неизвесен крај без крај, па со доставената пријава до ДКСК бара категорично, императивно да се отповикаат, поништат сите усмени незаконски, субјективно самоволно донесени одлуки чие спроведување без валидно

законско издржано решение било ништовно, неважечко и не продуцирало законски импликации и да се вратело во сила валидното Решение од 12.06.2018 година со враќање на законското право за добивање на со закон предвидената социјална парична помош и остварување на неговото законско граѓанско право, а воедно се бара да против инволвираните лица – службеници во МТСП, да бидат покренати најстроги дисциплински мерки.

Со оглед на сето погоре констатирано, ДКСК утврди дека во доставената пријава нема доволно јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службени лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност, конкретниот случај се однесува на прашање во врска со остварување на граѓанско право по кое треба да постапи друг орган кој е надлежен во областа, а воедно за случајот од страна на подносителот биле искористени правни лекови и биле вложени жалби до надлежни органи кои постапиле во рамките на своите законски надлежности и донеле одлуки/решенија од своето надлежно постапување, а на подносителот му било укажано на можноста за предметниот случај да се заведе управен спор со поднесување на тужба до Управниот суд на РСМ. Оттука, ДКСК оцени дека нема надлежност за постапување во предметниот случај, доставената пријава се отфрла, а предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**м-р Шемши Салаи**

Доставено до : Архива и Подносителот

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Ј.Ц.
Одобрил: Г.Т., Член на ДКСК